АД Македонска информативна агенција Скопје
во државна сопственост

Финансиски извештаи
за годината што завршува на
31 декември 2018 и

Извештај на независниот ревизор

СОДРЖИНА

	Страна
Извештај на независниот ревизор	1-2
Извештај за сеопфатна добивка	3
Извештај за финансиска состојба	4
Извештај за промените во главнината	5
Извештај за паричните текови	6
Белешки кон финансиските извештаи	7-26

Ревизија Чулева
Иван Аговски 1/2-1
1000 Скопје, Македонија
Тел: 02 3094 014
Факс: 02 3094 015
office@revizijaculeva.com.mk
www.revizijaculeva.com.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До основачот и раководството на
АД Македонска информативна агенција Скопје
во државна сопственост

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на АД Македонска информативна агенција Скопје во државна сопственост (во понатамошниот текст "Друштвото"), што се состојат од Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември, 2018 година, Извештај за сеопфатна добивка, Извештај за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината што тогаш завршува и прегледот на значајни сметководствени политики и останати белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи
Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди што се применуваат во Република Северна Македонија и интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот
Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија на Република Северна Македонија и Меѓународните стандарди за ревизија објавени во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања, да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел дизајнирање на ревизорски постапки коишто се соодветни на околностите, но не за цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на сéвкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

(Продолжува)

Ревизија Чулева
Иван Аговски 1/2-1
1000 Скопје, Македонија
Тел: 02 3094 014
Факс: 02 3094 015
office@revizijaculeva.com.mk
www.revizijaculeva.com.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До основачот и раководството на
АД Македонска информативна агенција Скопје
во државна сопственост
(Продолжение)

Мислење
Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на АД Македонска информативна агенција Скопје во државна сопственост на ден 31 декември, 2018 година, како и финансискиот резултат, извештајот за промени на главнината и извештајот за парични текови за годината што тогаш завршува, во согласност со сметководствените стандарди што се применуваат во Република Северна Македонија.

Извештај за други правни и регулативни барања
Раководството на Друштвото, исто така, е одговорно за подготвување на годишниот извештај за работа во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме за конзистентноста на годишната сметка и финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2018. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Финансиските информации во годишниот извештај за работа се конзистентни, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на АД Македонска информативна агенција Скопје во државна сопственост за годината што завршува на 31 декември 2018.

ТП РЕВИЗИЈА ЧУЛЕВА-Скопје
Соња Чулева, Управител

Соња Чулева, *Овластен ревизор*

ТП РЕВИЗИЈА ЧУЛЕВА Соња Митко Чулева Скопје

Sonja Chuleva
Digitally signed by Sonja Chuleva
Date: 2019.04.12 11:15:11 +02'00'

Скопје, 15 април, 2019 година

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
Година што завршува на 31 декември 2018
(Во илјади Денари)

	Белешки	За годината што завршува на 31 декември 2018	2017
Приходи			
Приходи од продажба	2.2; 3;	10,992	8,279
Останати приходи	2.2; 4;	44,384	41,124
		55,376	**49,403**
Трошоци			
Материјали и енергија	5;	(1,485)	(1,719)
Транспортни и други услуги	6;	(3,330)	(4,646)
Амортизација и депрецијација	2.5; 12; 13;	(737)	(537)
Трошоци за вработените	2.9; 7;	(34,878)	(34,872)
Останати оперативни трошоци	8;	(6,992)	(4,981)
Финансиски приходи / (трошоци) -нето	2.3; 9;	-	(17)
		(47,422)	**(46,772)**
Добивка пред оданочување		**7,954**	**2,631**
Данок на добивка	2.4; 10;	(914)	(290)
Нето добивка за годината		**7,040**	**2,341**
Останата сеопфатна добивка		-	-
Вкупна сеопфатна добивка		**7,040**	**2,341**
Основна заработувачка по акција			
Ден 116,07/ акција / (2017: Ден 43,38 /акција)	11;		

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи

Овие финансиски извештаи се прифатени и одобрени од раководството на Друштвото на 8 март, 2019 година.

Генерален директор,
Драган Антоновски

Овластен сметководител,
Биљана Киселички

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
На 31 декември 2018
(Во илјади Денари)

		За годината што завршува на 31 декември	
	Белешка	**2018**	**2017**
СРЕДСТВА			
Не-тековни средства			
Нематеријални и материјални средства-нето	2.5;12	**3,082**	**1,586**
Тековни средства			
Пари и парични еквиваленти	2.8;13	13,070	5,032
Побарувања од комитенти	2.10;14	4,661	5,553
Останати побарувања	15	134	76
Залихи	2.7;16	-	-
		17,865	**10,661**
ВКУПНО СРЕДСТВА		**20,947**	**12,247**
СОПСТВЕНИЧКА ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ			
Сопственичка главнина			
Акционерски капитал	20	3,731	3,731
Законска резерва	20	746	746
Задржана заработувачка	20	8,421	3,430
		12,898	**7,907**
Долгорочни обврски			
Долгорочна обврска за одложени приходи од добиени донирани материјални средства	19	**1,923**	**133**
Тековни обврски			
Обврски кон добавувачи	17	1,602	1,135
Останати тековни обврски	18	4,524	3,072
		6,126	**4,207**
ВКУПНО СОПСТВЕНИЧКА ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ		**20,947**	**12,247**

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи

Овие финансиски извештаи се прифатени и одобрени од раководството на Друштвото на 8 март, 2019 година.

Генерален директор,
Драган Антоновски

Овластен сметководител,
Биљана Киселички

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА
Година што завршува на 31 декември 2018
(Во илјади Денари)

	Акцио-нерски капитал	Законска резерва	Задржана заработувачка	ВКУПНО
На 1 јануари 2018	**3,731**	**746**	**3,430**	**7,907**
Корекција по Одлука на УО бр. 02-259/18 (Белешка 2.12)	-	-	(2,049)	(2,049)
Нето добивка за годината	-	-	7,040	7,040
Останата сеопфатна добивка	-	-	-	-
На 31 декември 2018	**3,731**	**746**	**8,421**	**12,898**
На 1 јануари 2017	**3,731**	**746**	**2,097**	**6,574**
Корекција на грешка (Белешка 2.12) 02-518/3 од 7.6.2018	-	-	(1,008)	(1,008)
Нето добивка за годината	-	-	2,341	2,341
Останата сеопфатна добивка	-	-	-	-
На 31 декември 2017	**3,731**	**746**	**3,430**	**7,907**

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи

Овие финансиски извештаи се прифатени и одобрени од раководството на Друштвото на 8 март, 2019 година.

Генерален директор,
Драган Антоновски

Овластен сметководител,
Биљана Киселички

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
Година што завршува на 31 декември 2018
(Во илјади Денари)

	Белешки	За годината што завршува на 31 декември 2018	2017
Готовински прилив од оперативна активност			
Добивка (загуба) пред оданочување		**7,954**	**2,631**
Корегирана за:			
Депрецијација и амортизација на материјални и нематеријални средства		737	537
Приход еднаков на депрецијација на донирани средства		(311)	
Расходи од отпис на побарувања		-	22
Приходи од наплатени отпишани побарувања и отпис на обврски		(59)	(124)
Приходи од субвенции		(44,000)	(41,000)
(Зголемување)/намалување на побарувања од купувачи и други побарувања		834	2,058
(Зголемување)/намалување на залихи		-	-
(Намалување)/зголемување на обврски кон добавувачи и останати тековни обврски		2,732	(2,156)
Платени камати		-	-
Нето годовина од оперативни активности		***(32,113)***	***(38,032)***
Инвестициони активности			
Набавка на основни средства		(3,849)	(112)
Прилив од продажба на основни средства		-	-
Нето готовина во инвестициони активности		***(3,849)***	***(112)***
Финансиски активности			
Прилив од зголемување на оснивачки капитал		-	-
Прилив/(одлив)државни поддршки (субвенции)		44,000	41,000
Нето готовина од финансиски активности		***44,000***	***41,000***
Нето зголемување на пари и парични еквиваленти	2.8; 13;	***8,038***	***2,856***
Пари и парични еквиваленти на почеток на годината	2.8; 13;	***5,032***	***2,176***
Пари и парични еквиваленти на крај на годината	2.8; 13;	***13,070***	***5,032***

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи

Овие финансиски извештаи се прифатени и одобрени од раководството на Друштвото на 8 март, 2019 година.

Генерален директор,
Драган Антоновски

Овластен сметководител,
Биљана Киселички

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2018

1. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ

АД Македонска информативна агенција Скопје во државна сопственост, (во понатамошниот текст "Друштвото") е акционерско друштво формирано во Скопје на 18 февруари 1992 година.
Друштвото е регистрирано во Централниот Регистар под Деловоден број: 30120130006107 и ЕМБС: 5201764.
Единствен сопственик на Друштвото е Владата на Република Северна Македонија.

Седиште: ул. Бојмија бр.К-2/1 и 2 Скопје, Аеродром.

Основна дејност на Друштвото е 63.91: Дејност на новинските агенции.

Подружница: Со ОДУ бт.219/18 од 27.11.2018 година е основана Подружница –Прес центар Скопје.

На 31 декември, 2018 година Друштвото има 74 вработени (31 декември 2017: 73 вработени.)

Управен одбор
На 31 декември 2018 година, Управниот одбор работи во следниот состав:

Име и презиме	**Функција**
Драган Аноновски	Член и Претседател на УО-ВСС - Новинар
Габриела Точко	Член на УО-ВСС - Новинар
Марјанчо Танушевски	Член на УО-ВСС-Машински инжењер
Шерибан Клокочи	Член на УО - ВСС-Филолошки факултет
Сања Андреевска	Член на УО - ВСС - Електро инжењер

Надзорен одбор

Име и презиме	**Функција**
Зоран Иванов	Претседател на НО - ВСС- Новинар
Лилјана Капевска	Член на НО – ВСС – Педагошки факултет
Александра Мицоска-Митевска	Член на НО – ВСС - Новинар
Татјана Поповска	Независен член на НО – ВСС-Правник
Ардиан Исени	Независен член НО – ВСС-Филолог

Генерален директор
Генерален директор на Друштвото е Драган Антоновски.

Вршител на дејност Заменик директор
Хаљит Аџдини.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

2.1 Основи за подготовка и презентација на финансиските извештаи

Друштвото ја води својата сметководствена евиденција и ги подготвува своите финансиски извештаи во согласност со одредбите на членот 469, став 6 од Законот за трговски друштва на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 177/2008, 17/2009, 42/2010, 48/2010, 169/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 06/2016 и 30/2016) и Правилникот за водење сметководство ("Службен весник на Република Македонија" бр.159/2009.) Според овој Правилник, сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија се Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) и Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) од 2009 година утврдени од Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди (ИАСБ.)

Финансиските извештаи на Друштвото се прикажани во илјади македонски Денари.

Денарот претставува официјална валута на известување во Република Северна Македонија.

2.2 Признавање на приходите

Приходот се признава кога станува веројатно дека идни економски користи ќе влезат во Друштвото и овие користи можат да бидат соодветно измерени. Приходите од продажба се прикажуваат според фактурната вредност, нето од одобрените попусти и данокот на додадена вредност.

2.3 Трансакции во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во Денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Северна Македонија кои важат на денот на трансакцијата.

Нето позитивни и негативни курсни разлики се вклучени во Извештајот за сеопфатна добивка во периодот кога настанале.

Средствата и обврските кои гласат на странска валута се искажуваат во Денари со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составувањето на Извештајот за финансиска позиција.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

2.4 *Данок на добивка*

Во согласност со измените во Законот за данок на добивка ("Службен весник на Република Македонија" бр.112/2014) и Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и начинот на одбегнување на двојно оданочување, што се применува на годишната сметка за 2018 година, данокот на добивка се плаќа на вкупната добивка остварена во Извештајот за сеопфатна добивка, како разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи, зголемена за непризнаени расходи и даночни ослободувања утврдени со Законот.

Одложен данок на добивка

Одложен данок на добивка се утврдува со примена на методот на обврски во билансот на состојба за сите времени разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност во финансиските извештаи. Стапката на данок на добивка на денот на билансот на состојба се употребува за утврдување на одложените даночни средства и обврски. Одложените даночни обврски се признаваат за сите оданочиви времени разлики. Одложени даночни средства се признаваат за одбитните времени разлики и ефектите од даночните загуби се пренесуваат во обем во којшто постои веројатност дека ќе се оствари оданочива добивка со цел да се овозможи одбитните времени разлики и пренесените даночни загуби да бидат искористени.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

2.5 Недвижности,постројки и опрема

Иницијално, книговодствената вредност на недвижностите, постројките и опремата се евидентира по набавна вредност намалена за износот на акумулираната депрецијација и загуби од евентуални оштетувања.

Книговодствената вредност на средствата се контролира за случаи на оштетувања, кога одредени настани или промени на околностите индицираат дека истата не може да биде надокнадена. Доколку постојат индикациии дека сегашната вредност го надминува надоместувачкиот износ, средството се намалува до вредноста на нивниот надоместувачки износ.

Депрецијацијата се признава со примена на праволиниска стапка на адепрецијација за време на корисниот век на употреба на средството.

Во продолжение се дадени годишни стапки на депрецијација применети на некои позначајни ставки од средствата:

Компјутери	5%-20 %
Опрема	10% -20%

Опремата и возилата се признаваат по набавна вредност која вклучува цена, даноци што не се одбиваат и други трошоци кои директно се припишуваат во доведување на средството на саканата локација и кондиција потребна за обавување на оперативните цели.

На материјалните вложувања во изградба, до моментот на ставање на истите во употреба, не се пресметува депрецијација.

2.6 Залихи

Залихите на Друштвото се состојат од залиха на материјали и ситен инвентар.На ситниот инвентар ставен во употреба веднаш се евидентира исправка на вредноста.На крај на годината, износот на исправката изнесува 100% од вредноста на ситниот инвентар.

2.7 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од пари на денарска и девизна сметка, депозити по видување и пари во каса.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

2.8 Испратнини за пензионирање, пензиски планови и технолошки вишок

Друштвото учествува во пензискиот фонд со уплатување на определени придонеси утврдени со домашната легислатива. Придонесите, кои зависат од висината на платите, се уплатуваат во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија. Не постојат дополнителни обврски во однос на пензиските планови.

Друштвото исто така исплаќа двократен износ од просечно исплатена нето плата во Република Северна Македонија како отпремнина во случај на заминување во старосна пензија. Друштвото нема резервирано средства за ваквите отпремнини бидејќи смета дека истите нема да имаат значаен ефект врз финансиските извештаи.

2.9 Побарувања од купувачи

Побарување од купувачи се водат по номинална вредност,намалена за соодветни исправки за проценети сомнителни износи.

2.10 Поврзани субјекти

Однос со поврзани субјекти се јавува доколку едниот субјект демонстрира контрола врз другиот субјект или поседува исклучително влијание во одлуките за финансиските и оперативните одлуки на другиот субјект.

Трансакциите со поврзани субјекти претставуваат трансфери на средства или обврски помеѓу поврзаните субјекти, без разлика дали е вредноста платена.

Поврзани субјекти се сметаат дека се оние кои имаат значајна улога во донесување на финансиските и оперативните одлуки на Друштвото. Мнозинскиот, односно единствен сопственик на Друштвото е Владата на Република Северна Македонија која има значајно влијание врз Друштвото, а со тоа и моќ да го контролира работењето на Друштвото во целина.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

2.11 Наеми (МСС 17)

Наем е договор според кој наемодавателот му го пренесува на наемателот, за возврат на плаќања или серија на плаќања, правото на користење на дадено средство за договорен временски период.
Наемот може да биде финансиски наем и оперативен наем:

Финансиски наем
Финансиски наем е наем со кој се пренесуваат суштински сите ризици и награди својствени за сопственоста на даденото средство. На крај, сопственоста може, но и не мора да се пренесе врз наемателот.
Во случај на финансиски наем, се утврдуваат износите кои треба да се признаат при почнување на времетраењето на наемот.
Во согласност со МСС 17.20, при почнување на времетраење на наемот, наемателите треба да го признаат наемот како средство и како обврска.
Во согласност со МСС 17.27, финансискиот наем доведува до појава на расход за амортизација (депрецијација) за средствата кои се амортизираат/депрецираат, како и на финансиски расход за секој временски период.Политиката на амортизација треба да биде конзистентна со политиката на сопствените средства што се депрецираат/амортизираат во согласност со МСС 16-Недвижности, постројки и опрема.

Оперативен наем
Оперативен наем е наем кој не е финансиски наем.

2.12 Корекција на грешка (МСС 8)

Во финансиските извештаи за 2018 година е утврдена грешка во нето износ од Ден 2,049 илјади, која во согласност со МСС8-Сметководствени политики, промени на сметководствени проценки и грешки, е корегирана на терет на акумулираната добивка.

Во финансиските извештаи за 2017 година е утврдена грешка во нето износ од Ден 1,008 илјади, која во согласност со МСС8-Сметководствени политики, промени на сметководствени проценки и грешки, е корегирана на терет на акумулираната добивка.

Во финансиските извештаи за 2016 година е утврдена грешка во нето износ од Ден 1,742 илјади, која во согласност со МСС8-Сметководствени политики, промени на сметководствени проценки и грешки, е корегирана на товар на акумулираната добивка.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

2.13 Јавни набавки

Друштвото ги извршува набавките чија вредност е поголема од ЕУР 500 во денарска противвредност во согласност со Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/2007 година) и измените и дополнувањата на Законот објавени во "Службен весник на Република Македонија" 130/2008, 97/2010, 53/2011, 185/2011,15/2013, 148/2013, 160/2013, 28/2014, 43/2014, 130/2014, 180/2014, 78/2015, 192/2015, 27/2016, 120/2016 и 165/2017, како и следните прописи и акти донесени врз основа на одредбите на Законот:

Ред. број	Назив на прописот	Објавен/Извор
1.	Методологија за изразување критериуми за доделување на договори за јавни набавки во бодови	Министерство за финансии на Република Северна Македонија
2.	Правилник за форма и содржина на огласите и известувањето при доделување на договори за јавни набавки	"Службен весник на Република Македонија" бр.154/07
3.	Правилник за постапка на отварање на понуди и образец за водење записник за отварање на понуди	"Службен весник на Република Македонија" бр.154/07
4.	Правилник за формата и содржината на образецот од извештајот за спроведување на постапката за јавна набавка	"Службен весник на Република Македонија" бр.154/07
5.	Уредба за видовите и активностите на градење кои се предмет на договори за јавни набавки	"Службен весник на Република Македонија" бр.158/07
6.	Уредба за услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги	"Службен весник на Република Македонија" бр.157/07
7.	Упатство за пополнување на Извештајот за спроведена постапка	Министерство за финансии на Република Северна Македонија
8.	Одлука за утврдување на индикативен список на договорни органи	Влада на Република Северна Македонија
9.	Правилник за содржина на тендерска документација	"Службен весник на Република Македонија" бр.19/08
10.	Правилник за формата и содржината на огласите и известувањата при доделување на договорите за јавните набавки	бр.23-48781/1 од 19.12.2007, а во примена од 01.01.2008
11.	Правилник за формата и содржината на извештајот од спроведената постапка	"Службен весник на Република Македонија" бр.2/08
12.	Правилник за формата и содржината на огласот, известувањето за поништување на постапката и образецот за евиденција на постапките со барањата за прибирање на понуди	бр.23-48778/1 од 19.12.2007 со примена од 01.01.2008 година
13.	Правилник за начин на користење на електронски систем за јавни набавки	Министерство за финансии на Република Северна Македонија
14.	Правилник за формата и содржината на годишниот план за јавни набавки	Министерство за финансии на Република Северна Македонија со примена од 01.01.2008
15.	Правилник за начинот на проценување на вредноста на договорите за јавни набавки	Министерство за финансии на Република Северна Македонија со примена од 01.01.2008
16.	Останати	(согласно измени од 2008 – 2018)

3. ПРОДАЖБИ

	Во илјади Денари	
	Годината што завршува на	
	31 декември 2018	**31декември 2017**
Продажби на услуги на домашен пазар	10,832	7,992
Приходи од продажба на услуги во странство	160	287
	10,992	**8,279**

4. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

	Во илјади Денари	
	Годината што завршува на	
	31 декември 2018	**31 декември 2017**
Отпис на обврски/ наплатени отпишани побарувања	59	124
Приходи од субвенции од		
Влада на Република Северна Македонија	44,000	41,000
Приходи еднакви на трошок за тековна депрецијација на средства добиени како донација	311	-
Останати приходи	14	-
	44,384	**41,124**

5. МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИЈА

	Во илјади Денари	
	Годината што завршува на	
	31 декември 2018	31 декември 2017
Канцелариски и други материјали	253	365
Потрошена енергија	1,216	1,182
Резервни делови	-	18
Вредносно усогласување на ситен инвентар во употреба	16	154
	1,485	**1,719**

6. ТРАНСПОРТНИ И ДРУГИ УСЛУГИ

	Во илјади Денари	
	Годината што завршува на	
	31 декември 2018	31 декември 2017
Транспортни услуги	1,025	773
Поштенски услуги (телефонија, електронска пошта)	967	907
Надворешни услуги	30	109
Одржување	992	1,201
Наемнина	-	1,434
Комунални услуги	5	7
Останати услуги	181	40
Осигурување	47	51
Банкарска провизија	83	124
	3,330	**4,646**

7. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

	Во илјади Денари	
	Годината што завршува на	
	31 декември 2018	**31 декември 2017**
Бруто плати	31,525	30,424
Дневници за службени патувања	366	2,045
Други надоместоци за вработените	2,094	1,777
Трошоци за НО и УО	893	626
	34,878	**34,872**

Плата/надоместоци и други погодности на Генералниот Директор и за ВД Заменик директор на Друштвото за 2018/2017 година:

	Во илјади Денари	
	2018	**2017**
***Генерален директор,*Драган Антоновски (од 05.08.2017 година)**		
Бруто плата	**932**	**349**
Службени патувања		
-патни трошоци	24	1
-сместување	7	-
-дневници	26	7
Бонуси за успешно работење - нема		
Менаџерски договор-нема		
Користи службено возило 24/7 во сопственост на АД МИА Скопје со лимит на гориво Ден 20 илјади/месечно		
Користи мобилен телефон со лимитиран износ до Ден 3 илјади/месечно без вклучен ДДВ		
ВД Заменик директор, Хаљит Ајдини		
Бруто плата	**720**	**712**
Службени патувања		
-патни трошоци	23	5
-сместување	3	-
-дневници	14	25
Бонуси за успешно работење - нема		
Менаџерски договор-нема		
Користи надомест на трошоци за патарини на релација Тетово-Скопје-Тетово	35	26
Користи службено возило 24/7 во сопственост на АД МИА Скопје со лимит на гориво Ден 15 илјади/месечно		
Користи мобилен телефон со лимитиран износ до Ден 2 илјади/месечно без вклучен ДДВ		

8. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

	Во илјади Денари	
	Годината што завршува на	
	31 декември 2018	31 декември 2017
Реклама и репрезентација	436	270
Донации	-	23
Вредносно усогласување на побарувања и директен отпис на побарувања	-	849
Интелектуални услуги	6,537	3,679
Останати трошоци	19	160
	6,992	**4,981**

9. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ -НЕТО

	Во илјади Денари	
	Годината што завршува на	
	31 декември 2018	31 декември 2017
Негативни курсни разлики	(8)	(13)
Трошок за камати	(1)	(7)
Позитивни курсни разлики	9	3
Приход од камати	-	-
	-	**(17)**

10. ДАНОК НА ДОБИВКА

Тековните трошоци за данокот на добивка се пресметуваат според Законот за данок на добивка кој се применува во Република Северна Македонија. Законскиот данок на добивка се пресметува со примена на 10% даночна стапка (2017:10%) на добивката утврдена во Билансот на сеопфатна добивка корегирана за износот на расходи и приходи кои не се признаваат за даночни цели.

	Во илјади Денари	
	Годината што завршува на	
	31 декември 2018	**31 декември 2017**
Добивка пред оданочување	7,954	2,631
Данок на добивка 10% (2017:10%)	(914)	(290)
Ефективна даночна стапка:	**11.49%**	**11.02%**

11. ОСНОВНА ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА

	Во Денари	
	Годината што завршува на	
	31 декември 2018	**31 декември 2017**
Нето добивка /(загуба) за годината	7,039,721	2,630,923
Пондериран просечен број на акции	60,649	60,649
Основна заработувачка по акција (во Денари)	**116,07**	**43,38**

Бројот на акции на Друштвото е утврден со Статутот на Друштвото (пречистен текст) објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.102/19.06.2015 година.

12. НЕМАТЕРИЈАЛНИ И МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА-нето (Во илјади Денари)

	Нематеријални средства	Материјални сва -Опрема и возила	ВКУПНО
Набавна вредност на 1 јануари 2018	**1,095**	**11,644**	**12,739**
Нови набавки	-	3,849	3,849
Добиени донации	-	2,101	2,101
Отпис/продажби	-	(3,660)	(3,660)
Трансфери	-	-	**-**
На 31 декември 2018	**1,095**	**13,934**	**15,029**
Акумулирана амортизација и депрецијација На 1 јануари 2018	**(996)**	**(10,157)**	**(11,153)**
Трошок за годината	(33)	(393)	(426)
Трошок за годината за добиени донации	-	(311)	(311)
Отпис/продажби	-	-	-
Корекција	-	(57)	**(57)**
На 31 декември 2018	**(1,029)**	**(10,918)**	**(11,947)**
Книговодствена Вредност На 31 декември 2018	**66**	**3,016**	**3,082**
Книговодствена Вредност На 31 декември 2017	**99**	**1,487**	**1,586**

Во рамките на материјалните средства е вклучена донирана опрема со набавна вредност од Ден 828 илјади и акумулирана депрецијација од Ден 695 илјади, односно со книговодствена вредност на 31.12.2017 година од Ден 133 илјади. Во 2018 година се добиени нови донации во вредност од Ден 2,101 илјади односно вкупно донирани средства намалени за тековна амортизација од Ден 311 илјади со нето вредност од Ден 1,923 илјади (Белешка 19.)

13. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

	Во илјади Денари	
	Годината што завршува на	
	31 декември 2018	31 декември 2017
Пари во банки - Денари	12,780	4,642
Пари во каса - Денари	43	73
Девизна сметка	205	290
Девизна благајна	42	27
Останати парични средства	-	-
	13,070	**5,032**

14. ПОБАРУВАЊА ОД КОМИТЕНТИ

	Во илјади Денари	
	Годината што завршува на	
	31 декември 2018	31 декември 2017
Побарувања од комитенти во земјата	4,618	5,255
Побарувања од комитенти во странство	1	1
Спорни побарувања	1,790	1,604
Исправка на вредноста за сомнителни и спорни побарувања	(1,790)	(1,604)
Побарувања за дадени аванси	42	297
	4,661	**5,553**

15. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

	Во илјади Денари	
	Годината што завршува на	
	31 декември 2018	31 декември 2017
Побарување за повеќе платен данок на добивка		-
Други побарувања од вработени	100	76
АВР	34	-
	134	**76**

16. ЗАЛИХИ

	Во илјади Денари	
	Годината што завршува на	
	31 декември 2018	31 декември 2017
Ситен инвентар во употреба	607	580
Исправка на вредност	(607)	(580)
	-	**-**

17. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ

	Во илјади Денари	
	Годината што завршува на	
	31 декември 2018	31 декември 2017
Обврски кон домашни добавувачи	1,193	665
Обврски кон добавувачи во странство	131	181
Обврски за примени аванси	278	289
	1,602	**1,135**

18. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

	Во илјади Денари	
	Годината што завршува на	
	31 декември 2018	31 декември 2017
Обврска за ДДВ	576	133
Обврска за ДД	765	167
Обврска за персонален данок	81	151
Обврска за плати и даноци и придонеси за плати	2,837	2,621
Обврска за членови на УО	10	-
ПВР	255	-
	4,524	**3,072**

19. ДОЛГОРОЧНА ОБВРСКА ЗА ОДЛОЖЕНИ ПРИХОДИ ОД ДОНИРАНИ МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

	Во илјади Денари	
	Годината што завршува на	
	31 декември 2018	31 декември 2017
Набавна вредност на донирани средства (Бел.12)	828	828
Добиени нови донации во тековната година	2,101	
Акумулирана депрецијација (на донирани средства)	(695)	(695)
Тековна депрецијација(на донирани средства)	(311)	-
	1,923	**133**

Материјалните средства добиени како донација се воведени во евиденција на во 2017 година (претходно не биле евидентирани иако биле користени), со примена на МСС 20-Сметководство за државни поддршки и обелоденување на државна помош-приходна метода.

20. ГЛАВНИНА

Основна главнина
Главнината на Друштвото на 31 декември 2018 и 2017 година, според официјалната регистрација во Централен Регистер на Република Северна Македонија изнесува:

Основач	2018 ЕУР	2017 ЕУР	2018 Денари	2017 Денари
Влада на Република Северна Македонија	**60,659.40**	**60,659.40**	**3,730,600**	**3,730,600**

Основната главнина е поделена на 60,659 обични акции со номинална вредност од 1 ЕУР/акција.

Законска резерва
Задолжителната (законска) резерва е регулирана со одредбите на Законот за трговски друштва. Законска обврска на Друштвото е да формира задолжителен фонд со издвојување 5% од остварената добивка во годината, сé до моментот додека не достигне 10% од основачкиот влог. Доколку законската резерва не достигне 10% од основачкиот влог, истата може да се користи само за покривање на загуби. Износот на законската резерва над законскиот минимум од 10%, може да се користи за исплата на дивиденда доколку за тоа се донесе одлука од страна на сопственикот.

21. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИК

Кредитен ризик
Основните финансиски средства на Друштвото се обврските кон добавувачи, готовина и пари во банка и долгорочни кредити што заедно го претставуваат максималното експонирање на Друштвото на кредитен ризик.

Кредитниот ризик на Друштвото се однесува најмногу на обврските кон добавувачи и долгорочните кредити.

Даночен ризик
Предмет на даночна контрола може да биде книговодствената евиденција на Друштвото ретроактивно до 5 години и истата може да резултира во дополнитлни обврски по основ на даноци. Раководството на Друштвото нема сознанија за било какви дополнителни околности кои можат да создадат потенцијални материјални обврски во тој поглед.

22. ОДНОСИ СО ПОВРЗАНИ СТРАНИ

Сите трансакции со поврзаните страни се извршени во вообичаени деловни односи, по услови слични на оние кои се нудат на неповрзани страни. Трансакциите со поврзаните страни и салдата на 31 декември 2018 и 2017 година се следни:

	Во илјади Денари	
	31 декември 2018	**31 декември 2017**
Влада на Република Северна Македонија (основач и единствен акционер)		
- Побарувања од поврзани субјекти	-	-
- Обврски кон поврзани субјекти	-	-
-Добиени субвенции (приходи)	44,000	41,000

23. НЕИЗВЕСНИ ОБВРСКИ

Документацијата на Друштвото не била предмет на постојана даночна контрола (освен за ДДВ.) Дополнителни даноци и други давачки кои можат да произлезат од такви контроли, во овој момент не можат со сигурност да се предвидат.

24. НАСТАНИ ПОСЛЕ ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Друштвото е во постапка на промена на името во согласност со записник на Влада на Република Северна Македонија број 45-2218/1 од 19 март, 2019 година.
Новото име е АД Медиумска информативна Агенција-Скопје, во државна сопственост (МИА.)

25. ВАЛУТНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви за Еврото на 31 декември, 2018 и 2017 биле:

	Во Денари	
	31 декември 2018	**31 декември 2017**
Еур	61,4950	61,4907